# НОВА ИСКРА

## МАРКСИСТИЧКИ ГЛАС НА РАБОТНИЦИТЕ И МЛАДИНАТА

Година II - број 7|| МАЈ 2023 || ©издава Марксистичка организација „Црвени“

СОЛИДАРНА ЦЕНА 50 ДЕНАРИ




# ПРОПАСТ НА БАНКИТЕ И ШТРАЈКУВАЧКИ БРАН

# ИМПРЕСУМ

НОВА ИСКРА

*марксистичко списание за работници и младина*

**Контакт:**

**Издава:**

Марксистичка организација „Црвени“

mo.crveni.mk@gmail.com
ФБ: @novaiskra.page
075/520-508 075/629-809

http://novaiskra.mk/

# СОДРЖИНА

ЗА БОРБЕН 1 МАЈ! 3

ПАДОТ НА СИЛИКОН ВЕЛИ БАНКАТА ЈА ПОКАЖУВА НЕСТАБИЛНОСТА НА КАПИТАЛИСТИЧКАТА ЕКОНОМИЈА 4

КРАХОТ НА КРЕДИТ СВИС: ЦЕЛИОТ СИСТЕМ Е РАСИПАН – ДА ГИ ЕКСПРОПРИРАМЕ БАНКИТЕ! 7

БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВИСИ НА РАБОТ 12

ГЕРМАНСКИ МЕГА-ШТРАЈК: ПРЕСВРТНИЦА ЗА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА 18

ФРАНЦИЈА: ЛЕКЦИИ ОД 28МИ МАРТ 24

## ЗА БОРБЕН 1 МАЈ!

Во пресрет на Први мај, со гордост ви го претставуваме седмото издание на единственото марксистичко гласило на македонски јазик „Нова искра". Во него ќе можете да ги прочитате нашите анализи кои имаат за цел да дадат јасен и класно одреден увид во развојот на сегашните случувањата во светот и кај нас.

За две основни теми на овој број ги одбравме масовните работнички штрајкови и протести и крахот во банкарскиот систем. Овие случувања се тесно поврзани меѓу себе, иако на прв поглед можеби не изгледа така. Драматичниот раст на инфлацијата и следственото осиромашување на работниците и намалување на општата куповна моќ ги натера централните банки да бараат начини истата да ја стабилизираат. Механизмот со кој можат тоа да го сторат е ограничување на понудата на пари во економија преку зголемување на каматните стапки. Но, кога каматните стапки растат, генерално цените на државните обврзници паѓаат, односно вредноста на истите се намалува. Доколку банките поседуваат многу државни обврзници и истите треба да ги продадат за да останат ликвидни, тогаш ќе мора да ги продаваат по пониска цена од онаа што ги купиле, што резултира со загуби и како што посведочивме банкрот на истите. Пропаѓањето на банките уште повеќе ја влошува и онака негативната економската ситуација, луѓето и компаниите ги губат своите влогови, односно ги губат своите заштеди и можноста да исплаќаат плати и други побарувања. За да не дојде до целосен колапс мораше да интервенира државата и да ги гарантира сите депозити во банкротираните банки. Може да се каже дека светската економијата се наоѓа во пат позиција.

Додека пропаѓаат банките и беснее инфлацијата, капиталистичката државата и нејзините „објективни" економски ескперти заклучија дека е потребно да се стегне ременот и ударот на оваа криза да го понесе работникот. Нема покачување на платите со ист степен како инфлацијата, што значи работниците треба да работат за помалку во однос на претходниот период, а дополнително се кратат социјалните и работнички права, па товарот на кризата се префрла врз грбот на работниците. Ваквото барање на владејачката класа несомнено ќе предизвика општествена тензија и заострување на класните односи, каде капиталистите ќе се обидат да го сочуваат своето богатство, наспроти работниците од кои се бара да се откажат и од она малку што го имаат и што го заработуваат со својот труд.

Овие случувања уште еднаш јасно ни покажаа две конкретни нешта: дека капитализмот е во органска криза за која не се надѕира некакво решение; и односот на државата кон работничката класа наспроти нејзиниот однос кон капиталистите и банките, односно овие настани најочигледно ни покажуваат чија е државата и за чии интереси таа работи.

Одговорот на работничката класа зависи од нејзината сила. А силата на работниците во општествените односи произлегува од силата на нивните класни организации - синдикатите и политичките организации кои единствено можат да организираат борба против ваквите антиработнички мерки.

Оттука и овој марксистички весник треба да се сфати како алатка на работничката класа, која ќе придонесе во зајакнување на класната свест со понуда на јасни идеи и алтернатива на доминантната капиталистичка идеологија.

Нашиот повик е повик на солидарност и мобилизација, да ја организираме нашата борба и заеднички да го разгориме огнот на отпорот против експлоатацијата.

**СОЦИЈАЛИЗАМ ИЛИ ВАРВАРСТВО!**

***април 2023, Петар Чуриќ***

# ПАДОТ НА СИЛИКОН ВЕЛИ БАНКАТА ЈА ПОКАЖУВА НЕСТАБИЛНОСТА НА КАПИТАЛИСТИЧКАТА ЕКОНОМИЈА

***На 13 март банкарските акции нагло паднаа - не само во американските и регионалните банки, туку и ширум светот - по колапсот на регионалните американски банки, Силикон вали Банк (СВБ) и Сигначер банк. Што го предизвика нивниот колапс и дали постојат пошироки импликации?***

Една од работите која предизвика колапс на Силикон вали Банката (СВБ) е континуираниот раст на каматните стапки. Во периодот на исклучително ниски каматни стапки (политика усвоена поради соочувањето со рецесијата во 2008 година), банките масовно се задолжуваа преку купување на сигурни државни обврзници.

За разлика од пропаднатиот крипто инвеститор Фјучер ексчејнџ (FTX), СВБ не се коцкаше со парите на своите штедачи. Вложуваше пари на начин кој пред 18 месеци изгледаше како врв на одговорноста: американски државни обврзници. Но, кога Федералните резерви почнаа да ги подигнуваат каматните стапки, вредноста на обврзниците падна (бидејќи обврзници со поголема камата сега можеа да се набават и на отворен пазар).

Истовремено, СВБ беше банка специјализирана за кредитирање на технолошки компании. Неодамна технолошките компании имаа критичен период, што доведе до масовни отпуштања и повлекување на пари од банкарските сметки, бидејќи загубите направија компаниите да ги потрошат резервите. Освен тоа, поголемите каматни стапки го отежнаа позајмувањето на пари и го направија помалку атрактивно.

Некои технолошки компании почнаа да повлекуваат пари минатата година, приморувајќи банки како СВБ, да најдат готовина за плаќање со продажба на обврзници, чија цена сега е ниска. Тоа ја наведе СВБ да се обиде да собери капитал со издавање на нови акции, што укажа на проблемот кој го имаат.

Тоа поттикна масовно подигнување на пари од банката. Штедачите, посебно тие кои имаат




Извор: Coolcaesar, Wikimedia Commons

депозити над максималната федерална гаранција од 250.000 долари, побараа да подигнат 42 милијарди долари. Неосигураните должници претставуваат многу висок процент во случајот на СВБ, многу повеќе отколку што е тоа случај во „нормална" банка. Тоа беше кобен удар.

Во страв од политички последици, американската влада се обиде да избегне помош, велејќи дека нема да понуди никаква гаранција над 250.000 долари. Меѓутоа, ова брзо доведе до тоа штедачите да почнат да повлекуваат пари од другите помали банки. Исто така, стана јасно дека ова би претставувало катастрофа за голем дел од технолошката индустрија во САД, посебно за стартапите, кои не би можеле да плаќаат плати и сметки, се додека нивните сметки се замрзнати и тоа би изнудило бран на банкроти и отпуштања. Наводно, 250.000 работници се вработени во компании кои работеле со СВБ.

Значи, Федералните резерви и владата беа приморани на паничен пресврт за да ги намалат последиците. Пред пазарите да бидат отворени на 13 март, Федералните резерви најавија дека во целост ќе пружат гаранција на штедачите (вклучувајќи ги и депозитите над прагот од 250.000 долари) и дека тоа ќе биде платено со наплата од други банки (не од страна на даночните обврзници).

Тоа ќе им обезбеди евтина готовина и на банките и на технолошките компании кои се соочуваат со проблем на ликвидност. Така ефективно уште еднаш се вклучуваат во квантитативното олеснување и уште еден пакет помош, дури и ако ги присилуваат акционерите проблемот да падне врз нив. Иронично, голем дел од технолошкиот сектор ги сака либертаријанските идеи за слободен пазар, а ова е пакет за спасување на тој сектор. Уште еднаш, како што кажа Фајненшл тајмс, тие ефективно спроведуваат „приватизација на профитот и социјализација на загубите".

Британската гранка на СВБ ја извлече ХСБЦ, кој многу великодушно плати 1 фунта за купување на цела банка. И други инвеститори се надеваа дека ќе можат да се вмешаат и зграбат спогодба во молњевито брзата распродажба на имотот на СВБ, која ќе се случеше да не се вмешаа Федералните резерви. Раководителите на СВБ, секако ја искористија приликата да продадат онолку СВБ акции колку што можеа на почетокот на неделата која претходеше на крахот, а да бидат сигурни дека нема да бидат фатени. Било која од казните со кои Бајден им се закануваше дека ќе им ја изрече, би била помала од парите кои ги заштедија од таа продажба.

Сепак, во текот на викендот, секој кој има голем банкарски депозит каде било во светот ќе започне да се грижи за безбедноста на своите пари. Тоа е сериозен удар во довербата во банкарскиот сектор и го зголемува ризикот од идни банкарски кризи.

Во игра се и други, во многу поголема мера, системски фактори. Со квантитативното олеснување се уфрлија огромни количини на евтини пари во економијата, пари кои не најдоа продуктивен пат за вложување. Наместо тоа, најдоа свој пат во сите видови на шпекулативни вложувања, вклучувајќи, како што кажа еден аналитичар на Рабобанка, „ризични капиталисти кои финансираат Инстаграм филтери заради кои мачките изгледаат како кучиња". Но, секако и недвижности, што е посебен проблем во Кина.

По масовното проширување на своите програми за квантитативно олеснување и давањето на огромна парична помош во текот на пандемијата, евтините пари на крајот се појавија како инфлација. За да ја контролираат, централните банки остро ја свртија својата политика со брзо зголемување на каматните стапки. Тие се обидуваа и уште се обидуваат да предизвикаат рецесија како би ја забавиле инфлацијата. Меѓутоа, како што покажува овој случај, тие не се баш подготвени да се соочат со последиците.

Постои вистински ризик дека огромната количина на акумулиран долг ширум светот во последните 30-40 години ќе значи дека зголемувањето на каматните стапки нема да предизвика мала рецесија, туку полна депресија. Стратегот на Дојче Банк цитиран во Фајненшл тајмс вели:

„Во последните неколку денови научивме две работи. Прво, дека овој циклус на

заострување на монетарната политика функционира со задоцнување, како и секој друг. Второ, дека овој циклус на затегнување сега ќе биде засилен заради стресот во американскиот банкарски систем.“

Во неделата, банката со име Сигначер, која наголемо се вклучи во криптовалутите, беше присилена да се затвори, а другите банки се под притисок да покажат дека работат задоволувачки.

Уште минатата недела, Федералните резерви кажа дека на својот следен состанок ќе ги подигне каматните стапки за најмалку 0,25 проценти, но сега изгледа дека тоа нема да се случи. Есенва инсистираа дека нема да скршнат од патот на намалување на инфлацијата и дека нема се грижат за последиците. Сега, соочени со првото сериозно влијание на растот на нивните стапки, изгледа дека Федералните резерви се поколебаа. Ова не зборува добро за нивната способност да ја контролираат нивната инфлација.

Истовремено, инфлацијата е главен фактор во оживувањето на индустриската борба, на пример во Британија, до ниво невидено во овие 30 години. Забележливо е дека Бајден кажа дека даночните обврзници нема да го платат спасувањето на штедачите на СВБ (главно технолошки компании). Тие мораат да го земат во предвид горливиот бес против капиталистите и банкарите кој е присутен од спасувањето после 2008 година.

Владејачката класа е фатена помеѓу чеканот и наковалната. Што и да направат е погрешно. Целата рамнотежа на капиталистичкиот систем е пореметена, а секое решение до кое владеачката класа доаѓа само создава исти или поголеми проблеми на друго место. Финансиската криза не е причинител на капиталистичката криза туку нејзин симптом, а во претстојниот период следуваат уште.

***Текстот е оргинално објавен на 3 март 2023, Никлас Албин Свенсон и Хорхе Мартин***



# КРАХОТ НА КРЕДИТ СВИС: ЦЕЛИОТ СИСТЕМ Е РАСИПАН – ДА ГИ ЕКСПРОПРИРАМЕ БАНКИТЕ!

***Преземањето на Кредит Свис од страна на УБС ја открива исклучителната нестабилност на финансискиот пазар. Тоа што ја одразува трулоста на светскиот капиталистички систем. Како и секогаш, додека банкарите се коцкаат, сметката ѝ се наплаќа на работничката класа.***



Извор: eflon, Flickr

Банкротот на Кредит Свис (Credit Suisse - ЦС) веројатно директно би довел до светска финансиска и економска криза. Федералниот претставник Келер-Сутер го опишува ова преземање од страна на УБС како „комерцијално решение“. Како што се користени итни закони и државни гаранции од 209 милијарди франки, гледаме дека таа изјава е чиста лага. Државата која согласно либералниот мит „не би требала да интервенира во економијата“, мораше со декрет да ги спасува капиталистите од нив самите, и тоа вторпат во 15 години!

За да го направи преземањето попримамливо за УБС[1], т.е. да би го спасила финансискиот систем, посебно ризичните обврзници (AT1) се национализирани, а правото на глас на акционерите е правно укинато. Демократијата и владеењето на правото во капитализмот се само сенка на диктатурата на финансискиот капитал. Интересите на работничката класа, која ќе биде жртва во вид на масовни откази или кратење на пензиски фондови, не се земени предвид. Работниот народ на крајот ќе ја плати цената за спасувањето на банките.

Драматичните случувања во врска со ЦС се од огромно значење за класната борба во Швајцарија. После банкарската криза од 2008, после која следеа пандемијата, дебаклот со паразитската неутралност во врска со Украина и инфлацијата, работничката класа гледа како швајцарската стабилност испарува, иако делуваше дека таа ќе трае засекогаш.

## Не е во прашање „лошо управување“ туку капитализам во пропаѓање

Крахот на ЦС е одраз на акутната криза на капитализмот. За да се бори против галопирачката инфлација, владеачката класа има едно единствено средство: зголемување на клучните каматни стапки за да би се извлекла ликвидноста од пазарот. Одново покажавме дека капиталистите немаат адекватно решение. Крахот на Силикон вели Банк (СВБ) беше директна последица од растот на каматните стапки. Колапсот на СВБ предизвика детонација во целиот финансиски систем, која на крајот доведе до имплозија во ЦС. Драматичните случувања во последните неколку денови покажаа нестабилност на капиталистичката светска економија.

Ланецот се скина на најслабата алка. Никој немаше доверба дека веќе оштетената ЦС ќе има и најмала шанса да преживее во новата клима на криза, војна, инфлација, раст на каматните стапки и рецесија. Се случи историски одлив на средства од преку 10 милијарди на ден. Минатата среда Швајцарската национална банка (СНБ) издаде гаранција од 50 милијарди долари - но судбината на ЦС веќе беше запечатена.

1 УБС е најсилната приватна банка во Швајцарија, додека ЦС, Credit Suisse важеше за втората најсилна.




Меѓутоа, би било погрешно да бараме причина за пропаѓањето на ЦС во „лошото управување". ЦС беше најтруло меѓу трулите јаболка. Цел финансиски сектор е вклучен во ризично работење и шпекулација. Огромните количини на фиктивен капитал и финансиски шпекулации се израз на длабочината на капиталистичката криза.

Уште во 1980-тите, светскиот банкарски сектор и целата капиталистичка економија се` повеќе тонеа во калта на финансиските шпекулации. Ова е последица на органска криза. Постојат се помалку инвестициони прилики во реалната економија, бидејќи таа дава никакви или мали профити, поради прекумерното производство. Инвестициите во индустријата опаѓаат, додека шпекулативните меури се надувуваат до пукање. Исклучителниот раст на фиктивен капитал и спекулативни трансакции не е морална аномалија на банкарите. Тие се последица на челичните закони на капитализмот, конкуренцијата и трката за профит, се` во период на пад на системот.

ЦС беше соочена со овие ограничувања во контекст на растечка конкуренција и долгорочното опаѓање на швајцарскиот империјализам. Од 1990-тите, големите швајцарски банки се обидоа да се натпреваруваат во ризични инвестиции со американските и други банки. Овие маневри се вратија како бумеранг, посебно во случајот на УБС за време на банкарската криза од 2008 година. Како швајцарските банки беа на колена после 2008, САД и ЕУ ја искористија приликата да ја исфрлат тајноста од швајцарското банкарство. Ова беше исклучителен удар на приликите за профит на банките. Од тогаш, посебно ЦС се сврти уште повеќе кон високоризични и шпекулативни инвестирања. Како што покажавме минатата година во Тајните на Свис (објавено март 2022 на marxist.com, Suisse Secrets), сите скандали на ЦС во последните години ја покажуваат длабоката криза на швајцарскиот финансиски систем.

## Новиот мега-убс: швајцарија во епицентарот на капиталистичкиот земјотрес

Сега ЦС ќе биде преземен од УБС по државно-заштитена спогодбена цена. Можноста за државно преземање на ЦС е брзо одбиена, бидејќи би предизвикала екстремен ризик за државните финансии и со тоа би покренала многу поголема осуда на јавноста. Владата се уплаши од вакво сценарио, па затоа го протурка решението со УБС. Ова присилено швајцарско спојување беше преферирано од страна на банкарските капиталисти од САД, Велика Британија, ЕУ и Швајцарија наспроти спасувањето на ЦС од страна на Саудиската национална комерцијална банка, која беше друг кандидат. На овој начин положбата на швајцарскиот банкарски центар би се одржала во вид на „неутрално" натрупување на средства од целиот свет, барем засега.

Мора да бидеме целосно јасни: ова спојување на банките нема да реши никакви проблеми. Баш напротив, ќе направи само поголем проблем во иднина. Наместо две големи банки, Швајцарија сега има една мегабанка изложена на многу шпекулативен меѓународен финансиски пазар. Прашање на време е доаѓањето на следната банкарска криза и спасување.

Краткорочно и наивно постои надеж дека постабилната ситуација на УБС ќе се пренесе на ЦС како подружница. Ова не е осигурано во било кој случај. УБС презема целосно нездрава банка. Цената на акциите на УБС стана многу нестабилна после преземањето. Разни агенции за оценување на банки ги намалија изгледите на новиот УБС на „негативни". Не може да се исклучи дека т.н. криза на довербата во ЦС ќе

се пренесе и на УБС. Историски меѓународен углед на швајцарскиот банкарски центар е уништен, или барем е перманентно оштетен за само еден викенд.

УБС и самиот е дел од кризата на меѓународниот финансиски ситем. Темелите на овој систем се наполнети со динамит. Инфлација, закана од рецесија, историско високи долгови, закaнувачки државни банкроти, пукање на шпекулативни меури, сите можат да предизвикаат глобална финансиска криза во било кој момент. Исклучитената нестабилност на швајцарскиот банкарски центар ќе продолжи. Со новиот мега-УБС, Швајцарија е исклучително изложена на било какви капиталистички потреси. Новиот биланс на УБС е двојно поголем од швајцарскиот БДП. Ако УБС би морал да биде спасен од страна на швајцарската држава, што е веројатно сценарио ако ги земеме предвид перспективите на светскиот капитализам, Швајцарија би ја достигнала задолженоста на Италија во еден замав. Со спојувањето на банките, швајцарската владеачка класа искористи уште едно оружје против кризата. Но моменталната банкарска криза е само првиот удар. Влеговме во најтурбулентниот период на капитализмот. Кризата на капитализмот дефинитивно стигна и во Швајцарија.

„Со што буржоазијата ги совладувала кризите? ... Со тоа што подготвува посестрани и посилни кризи, а ги намалува средствата за спречување на кризите.“. Овие зборови на Маркс и Енгелс од Манифестот на комунистичката партија се вклопуваат совршено.

**Период на подготовка за општествена експлозија**

Ова исто така се однесува на целата економска ситуација. Инфлацијата е многу опасна за владеачката класа, затоа што има неконтролирани економски последици и во крајна линија ја интензивира класната борба. Затоа националните банки ги подигнуваат каматните стапки. Но баш ова подигнување на каматните стапки беше главен чинител во предизвикување крах на СВБ и со тоа на моменталната банкарска криза.

Националните банки реагираат на крахот на СВБ, ЦС и другите банки со повторно




Извор: Martin Abegglen, Flickr

пумпање на огромно количини државни пари. Но ова повторно ја зголемува инфлацијата. Капитализмот и неговите влади се во ќорсокак. Мораат да бираат помеѓу инфлација и економска (и финансиска) криза, а на крајот ги добија двете. Вистинската перспектива се „стагфлација" и „сламрфлација" т.е. долги периоди на висока инфлација заедно со економска стагнација и длабока рецесија. Уште повеќе, Дамокловиот меч[2] „мајката на сите должнички кризи" (според зборовите на економистот Нуриел Рубини) виси над светската економија. Капитализмот е пред совршена бура.

Малиот швајцарски империјализам, исклучително интегриран во светскиот пазар, е диспропорционално силно погоден во кризата на светскиот капитализам. Крахот на ЦС е уште еден значаен пресврт. Пред десет години швајцарската буржоазија ја изгуби привилегијата на банкарска тајност. Со години големите корпорации се оддалечуваа од Швајцарија. Со војната во Украина, швајцарската „неутралност" е под редовен напад. Во време на протекционизам, Швајцарија е стисната помеѓу големи геополитички блокови. Сега буржоазијата губи уште еден од своите столбови - Кредит Свис. Претходниот викенд, банкарскиот центар, нејзината високо пофалена правна сигурност, Швајцарија како бизнис локација, претрпија голем пад на угледот и стабилноста.

Швајцарската буржоазија е во голема мера оставена на милоста на овие процеси. Не може да ги избегни. Се` повеќе, нејзиниот единствен начин да ги засили своите профити е напад на работничката класа. Бруталниот напад на пензиите, мерките на штедење ширум земјата и целосното спуштање на товарот на инфлацијата врз грбот на работничката класа се само почеток. Швајцарија е само на почеток на долгиот период во кој класните противречности забрзано ќе се интензивираат. Швајцарската класна борба влезе во период на подготовка за општествена експлозија.

**Единствен пат напред: експропријација и работничка контола**

Дури лебот поскапува за 11 отсто, ратите на здравственото осигурување растат, работниците и работничките во секторот здравство колабираат под притисокот на мерките за штедење. Овој викенд милиони луѓе гледаа

2 Изразот Дамоклов меч се користи како израз за голема несигурност која ја носи власта. Симболизира можност голема власт брзо да пропадне или кобно да заврши.



Извор: Der Funke

во живо како Федералниот совет го открива своето вистинско лице како политичко крило на финансискиот капитал.

Реформистичката Социјалистичка партија изјавува: „Системски и личен неуспех на банкарскиот сектор: ништо не се промени од финансиската криза од пред 15 години. Баш ништо. Менаџерите, акционерите како и целата индустрија мора да одговараат за ова". Ова е целосно точно. Но што значи ова конкретно?

Што е алтернативата на „финансиското казино"? Одговорот на СП е: „Сега конечно ни` требаат ефикасни регулативи". Ова барање, кое СП го дели со скоро сите буржоаски партии, доцни зад потребите на работничкото движење кои ги налага моменталната ситуација. Базирано е на целосно погрешна анализа на финансискиот капитал.

Крахот на ЦС докажува многу јасно дека ниеден закон или регулатива не можат да го припитомат капитализмот. Додека се банките на власт, ќе има и масовни шпекулации, краxови на банки и со тоа катастрофална криза за работничката класа. Ова не е затоа што законите се преслаби. Суштинската причина е капиталистичката криза на прекумерно производство која ги турка банките да инвестираат во паразитски активности.

Во капитализам, не се „регулативите" она што одлучува, туку законите на капиталистичкиот пазар и кризите кои насочуваат какви банкарски транскации се преземаат и во какви инвестиции се вложува. На овој начин банките ги земаат економијата и општеството како заложник. Тие го контролираат општественото богатство кое го создаде работничката класа. Тие се коцкаат со условите за живот и иднината на луѓето.

Главната цел на владините мерки воведени преку викендот беше да ја одржи оваа положба на банките во општеството. Федералниот совет доби експлицитен мандат од меѓународниот и националниот финансиски капитал да го спаси владеењето на банките.

Работничката класа сега плаќа за ова помрачување на својата иднина. До 15.000 вработени ќе добијат отказ во ЦС. Инфлацијата, која сега се потпалува, ги нагризува платите на работниците. Употребата на државни гаранции ќе се наплаќа со дебели засеци во државниот буџет. „Регулирање" и одржување на владеењето на банките значи спасување на системот кој одново ги става интересите на малцинството над потребите за вложување во здравството, образованието и еколошкото реструктуирање.

Денес, дури и најтврдокорните буржоаски идеолози зборуваат за национализација на банките. Ноје цирхер цајтунг пишува: „Уште повеќе, на 19 март патеката е поставена за идна национализација на УБС". Но тоа што капиталистите и нивниот државен апарат го мислат под национализација е т.н. „привремена јавна сопственост". Тоа значи дека државата ја презема банката која пропаѓа, ја обновува на свој трошок и потоа повторно ја приватизира и ја предава на капиталистичкиот финансиски пазар. Ова покажува две работи. Прво, дека национализацијата е апсолутно возможна. Второ, се поставува клучно прашање која класа ќе има корист од тоа.

Единствениот пат напред може да биде целосно развластување на капиталистите. Не може да се владее со она што не се поседува. Цели банки мораат да бидат национализирани без компензација и ставени под демократска контрола на работничката класа. Бонусите и дивидендите на менаџерите и акционерите мораат да се одземат. Работничката класа го создава целото општествено богатство. Затоа таа мора да одлучи како и во што ќе се вложува!

Меѓутоа, моменталните случувања јасно покажуваат дека државниот апарат е оружје на капиталистите и никогаш нема да спроведе такви мерки во интерес на наемните работници. Нас ни треба власт на работничката класа. Оние кои сакаат да го ослободат општеството од заложничките кризи на банките мораат да се борат за рушење на капитализмот и градење на револуционерна организација која активно ќе ја води оваа борба!

***Текстот е оргинално објавен на 22 март 2023.***
***Дерсу Хери и Каспар Оертли***

## БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВИСИ НА РАБОТ

***Ситуацијата од лоша стана полоша за светските финансиски пазари. Откако три банки пропаднаа во САД и една во Швајцарија, пазарите ја бараат следната слаба алка. Изутрина, Дојче Банк беше на отстрел со пад од 13 отсто на цените на акции, а и останатите беа блиску. Се покажува дека 15 години по „кредитната криза“, ништо не е решено.***

### Секој ден нова криза

Мината недела, Силикон Вели Банк (СВБ) и Сигначер Банк пропаднаа откако нивните крупни бизнис депоненти повлекоа десетици милијарди долари од нивните сметки, стравувајќи дека ќе ги загубат средствата - или, барем, пристапот до нив на подолг временски период.

Банките почнаа да паѓаат како домина, почнувајќи со најслабата. Само со гарантирање на сите депозити Федералната регулатива и Федералните резерви можеше да се смири плимата.

Дури и тоа беше недоволно, па во четврток вечерта, големите банки дадоа 30 милијарди долари на Фрст Република (Банк), којашто изгледаше дека ќе стане следната жртва.

Истовремено, Кредит Свис, швајцарскиот банкарски гигант, пропадна, спојувајќи се со својот поголем ривал УБС.

За разлика од помалите американски банки, Кредит Свис е глобална банка и нејзиниот колапсот би имал глобални последици. Регулаторите ја класифицираа како една од 30-те „глобално системски важни банки“. Имплозија на Кредит Свис би значело катастрофа за светскиот финансиски систем.

Швајцарската централна банка и понуди на Кредит Свис гаранција од 54 милијарди долари за да се одржи во живот. Но и тоа не беше доволно. На крајот, банката мораше да биде спасена со комбинирање на државни средства и спојување со УБС.

Последните турбуленции ја разоткриваат постојаната нестабилност на светскиот капитализам. Ова е трета или четврта сериозна финансиска криза по 2008 година. Имаше криза на владините пазари со хартии од вредност во 2011 и 2012, кризата со КОВИД-19, британската владина криза со хартиите од вредност во септември и сега пак комерцијална банкарска криза.

Евтините пари, давани на финансиските пазари преку квантитативното олеснување, особено од 2011, го заштити финансискиот систем од сериозни тешкотии. Но, сега се




Извор: investing academy pro Flickr

достигнаа неговите граници.

### Притисокот на каматните стапки

Растечката инфлација ги присили централните банки на промена на курсот. Од 0 отсто каматни стапки и печатење пари, тие нагло почнаат да ги креваат каматните стапки. Ова е најбрзото покачување на каматните стапки од раните 80-ти. Џером Пауел, претседателот на Федералните резерви објави во август минатата година:

„Ние зборуваме за силни и брзи чекори за смирување на побарувачката за да се усклади со понудата, а да се усидрат инфлаторните очекувања. Ќе го правиме тоа се додека сме сигурни дека работата е добро направена."

Потоа во октомври додаде „Мораме да ја оставиме инфлацијата зад нас. Би сакал да имаше безболен начин да го направиме тоа. Нема."

Сега болката почнува да се појавува. Технолошкиот сектор почна да отпушта луѓе, а и градежниот сектор почнува да ја чувствува болката.

Банките, а особено СВБ, беа затечени затоа што на своите билансни сметки имаа огромна количина државни обврзници. Ова можеби изгледаше дека е сигурен влог пред година или две. Но овие „многу сигурни" средства веќе не се сигурни.

Кога СВБ требаше да ги продаде за да ги покрие депозитите што се повлекуваа, тие мораа да преземат голема загуба. Логично, 10 годишна американска државна обврзница со камата од 1 отсто не би привлекла многу инвеститори, кога исти обврзници можат да се најдат на отворен пазар за 4 отсто камата.

Се додека може да ги задржите обврзниците до достасување (10, 20 или 30 години) тогаш нема проблем. Меѓутоа, ако треба да ги продадете во сегашни услови, тогаш мора да ги продадете обврзниците со загуба. Таквите загуби ја направија СВБ несолвентна, што ги поттурна да ја отпочнат несреќната понуда на акции.

### Сигурноста станува несигурна

Една од причините зошто банките се толку многу инвестирани во пазарот со обврзници е за да останат согласни на овие регулативи што се донесени по кризата од 2008 г. Идејата беше, преку принудување на банките да одржуваат високо ниво на „сигурна" актива, да се осигураат дека нема да се повтори 2008 година.

Се разбира, се зависи што подразбирате под сигурно. А тоа што е сигурна инвестиција пред две години, денес претставува рискантен влог. Како што Грег Ип напиша во Вол стрит џурнал: „Проблемот е во тоа што финансиерите се стремат да ја повторуваат сигурната стратегија се додека таа не стане несигурни". Со други зборови, премногу сигурност стана несигурно.

Како и да е, оваа стратегија ги принуди банките да купуваат многу државни обврзници, што се сметаа за една од најсигурната актива. Банките ја зголемија својата изложеност на овие обврзници од 12% на 20%. Но, она што некогаш беа сигурни средства (како актива) сега стана многу проблематични.

Ова има одек на британската криза на државни обврзници во септември 2022, кога пензиските фондови, согласно советот на регулаторите на пензискиот систем, инвестираа многу во финансиските инструменти кои ефективно се обложуваа на тоа каматната стапка за обврзниците во Обединетото Кралство да останат ниски. И ова се сметаше за сигурен облог.

Меѓутоа, кога стапката на обврзниците брзо се зголеми, по економските објави на тогашната премиерка Лиз Трас, пензиските фондови мораа брзо да ги продадат овие финансиски инструменти за да останат усогласени (облозите престанаа да бидат „сигурна" актива). И додека го правеа тоа, ова изврши уште посилен притисок на пазарот на обврзници во Британија, предизвикувајќи зголемување на стапките на обврзниците, принудувајќи ги пензиските фондови да продаваат. И така беше направен маѓепсан круг.

Банките се во ред, се додека можат да



Извор: Federalreserve, Flickr

ги задржат обврзниците до доспевање. Но, ако треба да се продадат порано, на брзинка, тогаш многу брзо се завршува во светот на проблемите. Ова е она што се случи со СВБ, Кредит Свис и Сигначер во изминатите две седмици.

**Преголеми за да пропаднат**

Овие банки можеби беа најслабата алка, но тие не се единствени. Мартин Волф истакна дека бројките на Федералните резерви покажуваат дека разликата помеѓу средствата (активата) и обврските (пасивата) за банките во САД е 2,2 илјади милијарди долари на хартија. Но, се проценува дека 2 илјади милијарди долари од ова би се избришале ако треба денес да продаваат. Ова би го ставило голем дел од банкарскиот сектор во неликвидност, затоа што нивната актива би вредела помалку од нивната пасива.

„Масовно повлекување на средства од банките би ги изнело овие загуби на отворено и би се избришала активата" - заклучува Волф. „За да се спречи тоа, властите можеби ќе мора да ги заштитат сите депозити."

И токму така постапија од Федералните резерви. Ако е потребно и други централни банки ќе го направат истото.

Со тоа што централната банка гарантира за секоја банка, тие ја генерализираат кризата. Нивната политика ја претвора кризата на секоја банка во криза на целиот систем. Тие ги национализираат ризиците, додека секако профитите се приватизирани.

Оттука, кризата на банкарскиот систем станува криза на централната банка. А тоа значи криза на целиот капиталистички систем.

Целокупниот банкарски сектор станува многу помонополизиран во последните три декади. Ова значи дека голем дел од банкарскиот бизнис се наоѓа во категоријата „преголем за да пропадне".

Во 1992 г., најголемите три банки контролираа 10% од банкарскиот сектор на САД. Сега тоа е 40%. Во другите земји, степенот на монополизација е повисок, а врвните три банки контролираат 60-80% од пазарот.

Според ова, последиците од пропаѓањето на банка - не само за самата банка, туку и за пошироката економија - се катастрофални.

## Државата на помош

Ова значи дека регулаторите и владите, одново и одново, треба да ги спасуваат банките. Банките ја држат целата економија на поводник, како што видовме со СВБ. Компаниите што вработуваат четврт милион работници се под закана дека нема да можат да ги платат сметике и да исплатат плати. А СВБ дури и не се сметаше за доволно голема за да биде од „систематско“ значење.

Како што Волф напиша „Банкарските шалтери се разоткрија како дел од државата маскирана како дел од приватниот сектор“.

Буржоаските коментатори милуваат да говорат за „моралната опасност“ кога станува збор за спасувачките пакети (бејлаутс) - како нешто да е морално во капитализмот. Ова е всушност начин да се каже дека оние капиталисти кои долгорочно не се во потрага по профитабилна стратегија, а кои преземаат прекумерни ризици, треба да пропаднат. Но, тоа не се случува.

Тие не можат да дозволат толкаво ниво на уништување неопходно за да се воспостави одново рамнотежата на капиталистичката економија. Во 30-тите повеќе од една третина од сите американски банкарски институции пропаднаа. А депонентите загубија нешто околу 150 милијарди долари во денешни пари.

Кризата треба да ги натера компаниите и банките да се затворат, со цел да се направи место за профитабилните.

Во апсурдната, анархична логика на капиталистичката економија, масовната невработеност и масовната мизерија на работничката класа се неопходни за да се создаде нова „рамнотежа“ на економијата. Буржоаскиот економист Џозеф Шумпетер еуфемистички за оваа појава вели дека е „креативна деструкција“.

Но, ова не се случува. Владите и централните банки постојано ја држат економијата на животна поддршка. Ова доведе до тоа да се зголеми бројот на т.н. „зомби“ компании: бизниси што само губат пари, и кои што навистина треба да банкротираат, но се одржувани во живот со евтини кредити. Кредит Свис во основа беше зомби банка, што се одржуваше во живот со евтини кредити.

Со политиката на покачување на каматните стапки, владејачката класа требаше да
стави крај на ова. Но, сега се повлекуваат. Штом постои ризик за нанесување на сериозна „болка“ по економијата, централните банкари, и покрај многуте силни зборови искажани претходно, одеднаш не се спремни да се соочат со последиците од нивната политика.

Она што го опишува ова е ситуација кога слободниот пазар повеќе не функционира. Продуктивните сили ги надраснаат ограничувањата на приватната сопственост. Монополизацијата на банките, нивната меѓусебна поврзаност и меѓузависност една од друга: сето ова точно го опишува монополскиот капитализам.

Пазарот не може да се справи со тоа. А тоа што државата влегува на сцената е премолчено признавање за банкротот на капиталистичкиот систем - и како тој ја надживеал својата историска улога.

## Инфлацијата не си заминува

Нова финансиска иницијатива на Федералните резерви отвораат ново поглавје за бесплатниот или евтиниот кредит. И нивното последно зголемување на каматната стапка, донесено оваа недела, кое требаше да изнесува покачување за 0,5 процентни поени, беше редуцирано на 0,25 поени.

Американските работници веќе страдаат. Комунизмот станува се попопуларен помеѓу младината и идејата за социјализам има поддршка од голем дел од општеството

Исто се забележува дека Федералните резерви го променија својот говор. Од зборувањето за „тековни“ зголемувања на стапките, сега велат дека можеби ќе бидат потребни „некои дополнителни“ зголемувања.

Зошто е тоа така? Не е премногу тешко

да се одгатне. Бајден и Пауел видоа дека 250 илјади работни места се загрозени и видоа што може да се случи ако банките пропаднат како во 1930-тите и си рекоа не во наше време.

Американските работници веќе страдаат, а сево ова ќе го зголеми притисокот врз нив. Комунизмот станува се попопуларен помеѓу младината и идејата за социјализам има поддршка од голем дел од општеството. Пропадна центарот, а владејачката класа ја изгуби контролата врз своите политички претставници. Не е чудно што трепкаат од страв.

Во исто време, постои постојан притисок на страната на понудата во равенката на инфлацијата.

Планот на Пауел беше, преку зголемување на каматните стапки, да ги направи работниците и компаниите посиромашни, а со тоа да ја намали побарувачката во стопанството. Но немаше план како да се справи со прашањето на понудата.

Значи, владејачката класа нема план како да се справи со спиралните трошоци за суровини, енергија, транспорт итн. Централните банкари не можат да направат ништо да се справат со протекционизмот и огромните воени трошоци. Сето ова ги зајакнува инфлаторните притисоци кои не можат да се решат без да се нанесе болка на еден или друг дел од стопанството.

Американскиот буржоаски економист Кенет Рогоф во Фајненшл тајмс наведува проблеми како трошоците на одбрана, зелената транзиција и „популизмот“:

> „Ова значи дека дури и по стишувањето на инфлацијата, централните банки можеби ќе мора да ги задржат поголемите каматни стапки во следната декада во однос на претходната, за да се држи инфлацијата стабилна.“

Понатаму Рогоф додава: „нештата ќе бидат потешки за Федерарните резерви. Компромисите со кои се соочува следната недела (се однесува на одлуката за зголемување на каматната стапка оваа недела - крајот на март 2023 - заб. прев.) може да бидат само почеток.“

Доколку Федералните резерви се принудени да го успорат зголемувањето на каматните стапки, со цел да се одржи банкарскиот систем, тогаш нема да се случи поголемо запирање на инфлацијата. Како доказ е инфлацијата во Британија која нагло се зголеми во однос на претходниот месец.

## Додавање масло на оганот

Се разбира дека некои компании ја користат оваа ситуација и дебело профитираат.

Според британскиот синдикат Јунајт: „Просечната профитна маржа на фирмите во ФТСЕ 350 порасна за 89% во првата половина на 2022 година споредено со првата половина на 2019.“ Нафтениот гигант БП ги дуплираше профитите на 23 милијарди фунти. Други големи победници се земјоделските мултинационални компании чии профити скокнаа за преку 200%.

Ова ги поттикна левичарските економисти да повикаат на акција против мултинационалните компании. Но, единствената мерка што би функционирала е национализацијата. Само со производство за потребите на општеството, а не за приватните профити, овие монополи може да се отргнат од профитот и да работат за добробитта на човештвото. Наместо тоа, овие преголеми профити се само уште една навреда за работниците, кои се борат да се прехранат себе и своите семејства.

Забележуваме како и на швајцарската и на американската власт им е тешко да посочат дека банките и инвеститорите ќе треба да платат за последниот бран на спасувачките пакети. Тие се плашат од гневот што го провоцираат со давањето бланко чекови на банкарите.

Никој сериозно не им верува на овие ветувања. Секако, доколку штета може да се ограничи на неколку мали банки, тоа е можно. Но целата ситуација создава се поголем и поголем притисок кон банките. И прашање е на време кога ќе пропадне следната банка. Во исто време, на политичарите ќе им биде многу потешко во прикривањето на трошоците преку сметководствените трикови.

Ситуацијава има огромни последици врз класната борба. Инфлацијата што продолжува ќе предизвика уште повеќе штрајкови и борба



Извор: Chad Davis, Flickr

за одбрана на платите и работните услови. Има само толку гнили договори што синдикалните лидери можат да ги потпишат пред да се соочат со револт од долу. Моментално, дури и најдобрите договори обично се еднакви на 2 до 3 отсто кратење на реалната плата. Поголем број се околу 5-6 отсто намалување на реалната плата.

Минатата година инфлацијата веќе провоцира револуционерно движење на Шри Ланка.

Колку долго можат работниците да го прифатат ова? Ова е веќе втора година на двоцифрена инфлација во развиените капиталистички земји. Во „земјите во развој" ситуацијата е полоша.

Јасно, надежта на буржоазијата беше брзо да се стави крај на инфлацијата, веројатно во комбинација со некаков договор околу Украина. Но, војната во Украина продолжува. Притисокот врз банкарскиот систем значи дека понатамошното зголемување на каматните стапки лесно може да предизвика нова банкарска криза слична на 2008 год. Овој пат, се разбира, по 15 години на мерки на штедење, напади и нестабилност, условите се сосема поинакви- а ударот ќе биде далеку посилен.

Без сомнеж, владејачката класа ќе ја врачи сметката пред работничката класа, во облик на кратења на реалните плати, масовна невработеност, кратења на социјалните трошоци и зголемување на даноците.

Како и да се извлечат од сегашнава криза, тоа ќе создаде уште поголема мизерија на работничката класа, предизвикувајќи уште повеќе бранови на класна борба. Минатата година инфлацијата веќе провоцираше револуционерно движење во Шри Ланка. Каде ќе биде следното? Никој не знае. Но слични услови се појавуваат насекаде.

*Текстот е оргинално објавен на 24 март 2023.*

***Никлас Албин Свенсон***

# ГЕРМАНСКИ МЕГА-ШТРАЈК: ПРЕСВРТНИЦА ЗА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА

***Ниту едно тркало не се заврте минатиот понеделник во Германија, откако земјата беше потресена од најголемиот штрајк во последните 30 години. Овој „мега-штрајк“, организиран од два од најголемите синдикати во земјата, го доведе германскиот транспортен систем во целосен застој. Овој штрајкувачки бран во Германија се гради веќе неколку месеци, а како резултат на тоа работниците извојуваа значителни победи. Понеделничкиот штрајк претставуваше пресвртница што може да го отвори патот за интензивирање на класната борба во земјата што долги години беше столб на стабилноста за европскиот капитализам.***




Извор: verd.di

Двата вклучени синдикати - вториот по големина синдикат во Германија (ver.di) и синдикатот за железници и транспорт (EVG) – заедно претставуваат речиси 2,75 милиони работници. Штрајкот од понеделникот - во кој учествуваше само мал дел од таа сила - опфати околу 155.000 работници, вклучувајќи 30.000 работници во железничката индустрија, како и десетици илјади други на аеродромите, пристаништата, автопатите и локалниот јавен превоз. Индустриска акција од овој размер не се случила во Германија од 1992 година.

Но експлозивниот мега-штрајк не беше без причина. Со години германската работничка класа е притисната од пандемијата КОВИД-19, трошоците за војната во Украина и сега влијанието на зголемената инфлација. Според официјалните податоци, инфлацијата во февруари достигна 8,7 отсто, но позади ова се крие фактот дека германските цени на енергијата пораснале за над 19 отсто, а цените на храната пораснале за речиси 22 отсто.

Со оглед на тоа што работничката класа се соочува со вртоглав раст на цените, понудите на газдите за зголемување на платите за 5 отсто и еднократни исплати во вкупна вредност од 2500 евра се навредливи. Барањата на Вер.ди и ЕВГ за зголемување на платите од 10,5 проценти и 12 проценти, се минимумот кој е потребен за работничката класа да го одржи својот сегашен животен стандард во услови на инфлација.

На мега-штрајкот му претходеа низа помали, но значајни, штрајкови со кои работниците во неколку сектори добија забележителни отстапки. Претходно во март, поштенските работници добија зголемување на платите за 11,5 отсто, откако 86 отсто од нивниот синдикат гласаа за неопределен штрајк. Слично

во ноември, ИГ Метал, најголемиот германски синдикат, доби зголемување на платите за 8,5 отсто заедно со еднократни исплати во вкупна вредност од 3000 евра за речиси 4 милиони работници што ги претставува, по двонеделната серија штрајкови во кои учествуваа 900.000 работници.

**Милитантно расположение**

Ненадејниот наплив на индустриска акција го разгори милитантното расположение на работничката класа. Еден работник кој беше интервјуиран на солидарните демонстрации во Берлин два дена пред штрајкот, им рече на новинарите: „Денес ги облеков моите екстра цврсти чевли, за да можам да удрам добра клоца по газот на компаниите".

Други пак, го изразија својот гнев околу нивната конкретна економска ситуација. Како што изјави еден работник за агенцијата Франс прес: „Бензинот и храната поскапеа... го чувствувам тоа по мојот паричник". Друг работник кој штрајкува во интервју кажа:

> „Предолго бевме влечени за нос. Големите имаат корист, а малите, кои одржуваат сè, не добиваат ништо... Луѓето работат по две или три работи за да врзат крај со крај".

Штрајкувачите и демонстрациите на солидарност ги преземаа слоганите како: „Нема да платиме за вашата криза", ставајќи ја вината точно онаму каде што припаѓа – кај владејачката класа и капиталистичкиот систем зафатен од криза.

Фактот дека работниците надвор од секторите што штрајкуваат почнуваат да ги препознаваат нивните заеднички интереси се гледа преку нивото на солидарност кое го искажува јавноста. Анкетите на германската агенција за печат покажуваат дека јавната поддршка за штрајкот во транспортот е 55 отсто. Ова е и покрај значителното нарушување на секојдневните патувања на стотици илјади луѓе и обемната кампања на клевети против работниците кои штрајкуваат од страна на газдите и десничарските медиуми.

Сепак, и покрај радикалното расположение кај работниците, раководството на синдикатите не сакаше да го организира штрајкот во понеделникот. Јасно е дека работничката класа во Германија е подготвена за обемна, милитантна борба, поврзувајќи различни сектори во борбата за подобри плати и услови. Сепак, раководството на синдикалното движење се обидува да го скроти таквото експлозивно расположение од страв дека може да излезе надвор од контрола.

Лидерите на ЕВГ веќе ја исклучија можноста за било какви дополнителни штрајкови до Велигден. Вер.ди, и покрај некои нејаснотии од раководството, најверојатно ќе го следи примерот. Ова значи период од над две недели без индустриски активности за илјадниците работници кои беа мотивирани од штрајкот во понеделникот.

Кристијан Лороч, кој ги претставува ЕВГ во нивните преговори, рече дека паузата до Велигден е за доброто на патниците во возот кои можеби ќе сакаат да го посетат своето семејство за време на празникот. Ова е слаб изговор за одложување на штрајковите и уште послаб изговор за одлуката на раководството на ЕВГ да ги прекине дури и самите преговори за време на Велигден.

Во реалноста, за синдикалните бирократи, мега-штрајкот не беше замислен како првично салво на обединета борба против газдите, туку како отстапка за работниците, за да се намали притисокот одоздола. Плашејќи се дека гневот на работничката класа може да се изрази во нешто надвор од контрола на синдикалното раководство, мега-штрајкот беше наменет како изолирана прилика работниците да испуштат converted.

Како што претходно пишувавме, мега-штрајкот не може да се гледа како крајна цел или едноставно како дел од пошироките преговори, туку треба да биде првиот чекор од низа поголеми акции кои ја откриваат вистинската моќ што ја поседува германската работничка класа. На овој начин, синдикалните лидери откриваат дека сè уште се обидуваат да ги зачуваат пријателските односи со газдите како дел од таканареченото социјално партнерство - но тоа е минато. Владејачката класа од една страна се плаши од резултатот на целосната



Извор: verd.di

мобилизација на работничката класа, но од друга страна го испитува теренот, принудена од сегашната криза, со цел да повлече поцврста линија во овие преговори.

## Франција поставува пример

Додека синдикалните лидери се трудат максимално да деескалираат, владејачката класа и нивните пиони во буржоаските медиуми немаат илузии за тоа каде се одвива ситуацијата. Герд Ландсберг, шеф на германската асоцијација на градови и општини, ја изрази својата критика со изјавата: „Штрајкот во понеделник е прилично блиску до генерален штрајк“. Исто така, Франкфуртер Алгемајне Цајтунг, еден од најголемите германски буржоаски весници, објави статија непосредно пред мега-штрајкот со наслов: „Предупредување пред штрајковите: „Франција покажува каде може да води оваа лизгава патека““.

Споредби меѓу состојбите во Германија и Франција може да се најдат насекаде, како во злобните забелешки на буржоаските коментатори, очајни да ја сокријат својата растечка загриженост, така и во милитантните слогани на демонстрациите на солидарност, кои со право ја сметаат понатамошната ескалација за следен чекор.

Секако, мега-штрајкот од понеделникот не го достигна размерот на актуелното движење против длабоко омразените пензиски реформи на Макрон во Франција, кои привлекоа 3,5 милиони луѓе на улиците во еден ден минатата недела, и уште 2 милиони вчера. Сепак, поширокиот тренд е јасен, а јасно е и влијанието што овој штрајк го има врз свеста на германската работничка класа и младина.

Хаген Леш, од институтот за економски истражувања во Келн, неодамна во интервју изјави дека „француската култура на штрајкување“ станува модел за германските работници. Тој додаде:

> „Овде постои опасност границата меѓу политичките и колективните штрајкови на договарање да стане нејасна... Сметам дека загрижува тоа што [германската работничка класа] развива култура на штрајкување што

почнува да личи на француската".

Ова е значајно предупредување за германската владејачка класа од страна на уплашен буржоаски економист. За разлика од „импулсивните Французи", германските работници не треба да преземаат милитантни штрајкувачки акции! Но, факт е дека длабоката криза на германскиот капитализам го претвори бастионот на европската политичка и економска стабилност во спротивното, и колку и да се обидуваат газдите и синдикалните лидери да ја смируваат ситуацијата, класната борба сега е дефинитивно на агенда.

Влијанието на капиталистичката криза ја принудува германската работничка класа да ја покаже својата сила на начин што го нема направено со децении. Ова претставува директна закана за интересите на капиталистичката класа. Несомнено, германските работници ќе обрнат внимание и на инспиративната борба на нивните браќа и сестри во Франција додека да тргнат во акција.

Но, во реалноста она што се развива во Германија не е само зараза од „францускиот" вирус на класна борба. Видовме остар наплив на индустрискиот фронт во една земја по друга, во Британија, САД, Португалија, Финска и на други места, додека работниците кои се соочуваат со кризата на трошоците за живот се обраќаат кон синдикатите за да ги одбранат своите услови.

**Жалната улога на СПД**

Сепак, мега-штрајкот не само што ја одразува зголемената самодоверба на работничката класа, туку ги покажа и длабоките грешки во таканареченото социјално партнерство. Завршија деновите на „умерената" социјалдемократија, во кои газдите и лидерите на работниците правеа разочарувачки компромиси. Сосема очекувано, германската владејачка Социјалдемократска партија (СПД) отворено се конфронтираше со работниците кои штрајкуваат и застана на страната на газдите



Извор: La CGT, Twitter

за да ги поткопаат синдикатите.

Ненси Фезер, социјалдемократската министерка за внатрешни работи, и покрај тоа што ја изрази својата шуплива загриженост за „услужните работници кои страдаат од високите цени на енергијата и високата инфлација“, додаде дека на синдикатите им е „претставена добра понуда“ и изјави: „Очекувам синдикатите да се оддалечат од нивните високи барања и да ни излезат во пресрет“.

Без сомнение, на работниците малку ќе им значи знаењето дека иако од нив се бара да прифатат значително намалување на реалните плати, СПД барем „сочувствува“ со нив! Карин Велге, градоначалничка од СПД и претседател на Сојузот на општинските здруженија на работодавачи (ВКА) – реакционерно тело што преговара во име на газдите – беше уште поотворена во нејзиниот презир кон синдикатите. Велге отворено го исмејуваше мега-штрајкот како „целосно претеран“, наведувајќи дека „не само што му штети на угледот на јавниот сектор, туку и на целокупниот углед на Германија како деловна локација“. Ова не се зборови на сопственик на бизнис или на десничарски политичар, туку на самопрогласен социјалдемократ!

Она што е многу јасно е дека владејачката СПД целосно застана на страната на газдите во оваа борба и нема намера да постигне пријателски компромис со синдикалното раководство. Сепак, важно е дека ова не е само лош избор направен од поединечни политичари, туку неопходен резултат на капиталистичката криза. Бидејќи германската економија е под зголемен притисок и е подложна на глобалната нестабилност на светскиот пазар, реформите и отстапките од порано сега се неостварливи под услови кои би биле прифатливи за капиталистите.

Социјалното партнерство од минатото, во кое СПД и синдикалните лидери можеа да направат компромис меѓу капиталистите и работниците, сега се распаѓа под тежината на противречностите на капитализмот.

**Нова пресвртница**

Односот на СПД кон легитимните барања на германските работници, т.е. нивната внатрешна политика, ја одразува нивната подреденост на интересите на германските капиталисти во надворешната политика. Претходно оваа година, канцеларот Олаф Шолц објави „пресвртница“, наведувајќи дека војната во Украина започнала нова епоха, и затоа Германија мора да започне со повторно вооружување и зајакнување на своите интереси; односно Германија мора агресивно да ги следи сопствените империјалистички интереси. Додека обичните луѓе трпат реални намалувања на платите, се чини дека има повеќе од доволно пари за оружје.

Минатата година, германскиот парламент гласаше за одобрување на зголемување на трошоците за одбрана за 100 милијарди евра, додека германските работници го чувствуваат притисокот од инфлацијата. Истовремено, германската владејачка класа се повеќе е влечена кон сѐ поголемо и поголемо вклучување во прокси војната во Украина, предводена од САД, меѓу НАТО и Русија, откако штотуку ѐ испорача 18 тенкови Леопард на украинската армија. Овој конфликт силно се одрази на германските цени на енергијата, ја наруши индустријата и ја влоши состојбата на домаќинствата.

Ако сака да ги одбие понатамошните напади, германската работничка класа мора да означи своја „пресвртница“ и да се впушти во борба.

Германија е клучна нација во Европа и во светската економија. Како што работничката класа во Германија ја враќа својата самодоверба и се раздвижува се повеќе и повеќе, тоа ќе има огромно влијание врз свеста низ Европа. Слично на тоа, како што се развива кризата на германскиот капитализам, тој само ќе ги влече своите болни соседи надолу со себе.

Ова го поставува теренот за огромна борба, но борба која бара лидерство кое е свесно за задачите што претстојат. Во моментов, претставниците на работничката класа во раководството на синдикатите не сакаат и не



Извор: PES Communications, Flickr

можат да ја одиграат потребната улога.

Мега-штрајкот во понеделникот го покажа потенцијалот што долго време мируваше во германската работничка класа, но ја покажа и неподготвеноста на синдикалните лидери да го ослободат тој потенцијал. Тие не веруваат дека може да се постигне алтернатива на сегашната ситуација со помош на класна борба. Одговорот на проблемите на работничката класа нема да дојде од мирните компромиси со газдите. Работничките барања ќе се добијат во целост само преку интензивирање на класната борба.

За таа цел, движењето мора да се прошири, а различните слоеви на работничката класа треба да се обединат преку заедничко дејствување. Компромисите и обновувањето на социјалното партнерство се патот до деморализација и предавство. Одлучната класна борба, која вклучува најширок можен слој работници, не само што може да ги исполни барањата на транспортните работници во актуелниот спор, туку и да постави основа за многу повеќе.

Независно од сегашната ориентација на синдикалните лидери, започнува нова фаза каде работниците и младите во Германија, заедно со работниците и младите ширум светот, влегуваат во борба, ја тестираат својата сила и донесуваат понапредни заклучоци.

Како што германската работничка класа влегува во нова фаза на класна борба, моќта што на крајот на краиштата лежи во нејзините раце ќе стане очигледна. Секоја провокација од владејачката класа ќе биде пресретната со посилни мобилизации. Ова има потенцијал да се развие во моќен бран на штрајкови и да покаже еднаш засекогаш дека работниците се тие кои ја создаваат целата вредност во општеството и заслужуваат да ја искористат за добробит на мнозинството. Работничката класа повторно се буди под камшикот на кризата, во Германија како и во остатокот од светот. На владејачката класа нема да и биде лесно да ја врати во состојба на пасивност.

***Текстот е оргинално објавен на 29 март 2023.***
***Оливер Бротертон***

## ФРАНЦИЈА: ЛЕКЦИИ ОД 28 МАРТ

***Уште еден ден на акција беше одржан во вторник на 28 март, против трулиот режим на Макрон, предизвикан од одлуката за зголемување на пензискиот праг во Франција. Борбата е силна, а тоа го покажува милионскиот народ излезен на улиците. Но со цел работниците и младината да бидат победници во оваа борба, старите излитени методи на синдикалните лидери нема да се доволни. Нашите другари од „Револусион" направија нацрт (издаден на 29 март) од последната мобилизација, и го покажаа патот напред кон остварување на целта.***



Извор: La CGT, Twitter

Денот на протест против пензиската реформа, вчера, беше богат со лекции. Еве неколку:

1) Со повеќе од 2 милиони луѓе излезени на улиците низ целата земја, мобилизацијата е се` уште силна, особено поради фактот дека беше десеттиот ден на акција, организиран од 19ти јануари навака. Само за споредба, ЦГТ ја потврдува истата излезност на демонстранти за време на десеттиот ден, со силното социјално движење од есента 2010 година.

Силно изразениот бес и борбеноста, ја плашат владејачката класа. Врз база на посилна милитантна стратегија, лидерите на синдикатите би можеле целосно да ги мобилизираат своите резерви и да нанесат силен удар на власта, ако не и нејзино целосно соборување. Наместо тоа, тие повикуваат на единаестти ден на акција, на 6ти април, девет дена после десеттиот.

Ваквата стратегија е очигледно контрапродуктивна. Каква порака се испраќа до работниците кои моментално се организираат за обновување на штрајкот? Дали би требало да останат надвор до 6ти април? Објавата на синдикатите не кажува ни збор за обнова на штрајковите. Едноставно ги поддржува "штрајковите кои се случуваат од јануари". Но, само проширувањето и продлабочувањето на овие штрајкови може да ја натера владата да ја повлече одлуката.

Факт е дека лидерите на интерсиндикалната организација се исто така преплашени како и владејачката класа. Нивната изјава за новинарите искажува огорченост од "тензичната ситуација во земјата која многу ги загрижува", како интензивирањето на оваа класна борба да би можела да направи било што друго освен "зголемување на тензиите". Во истата таа објава искажуваат алармантност за "ризик од социјална експлозија". И додека владата ја

употребува полицијата за брутална репресија над демонстрантите, интерсиндикалата пристојно замолува за "гарантирање безбедност и почитување на правото на штрајк и демонстрации". Ова би било смешно ако не беше толку сериозно.

2) Вчера имаше голема излезност на младина на демонстрациите. Одлуката од член 49,3 (насилното донесување на пензиската реформа без гласање во народното собрание) силно ја стимулира мобилизацијата средношколците и студентите, кои дотогаш беа релативно пасивни. Ова е логично: младината со право гледа на членот 49,3 како навреда и напад врз најосновните демократски принципи. Не е само мобилизација против оваа реформа, туку ова претставува мобилизација против еден бруталεн, авторитарен и реакционен режим. Ова е борба за радикална трансформација на општеството.

Ваквата мобилизираност на младината го потврдува она што го кажувавме од почетокот на ова движење: доколку раководствата на синдикатите ги прошират целите на оваа борба, ако го повикаат народот да се мобилизира против владата, и за програма која ќе раскрсти со политиките на штедење, би охрабриле нов слој на младина и работници да влезат во оваа борба.

Ваквото гледиште е прифатено од пошироката маса во движењето. На пример, на генералното собрание на факултети, во Тулуз вчера, активисти на Револуција ја бранеа следната теза, која беше прифатена со гласови од 800 присутни студенти и работници:

"Генералното собрание на факултети во Тулуз се придружува на работниците во борбата против пензиската реформа. Употребата на член 49,3 ја означи пресвртната точка во правецот на оваа борба. Сега, во очите на растечкиот број на млади и работници, борбата против реформата претставува борба против сите политики на владата на Макрон. Со цел да би допринеле за успехот на ова движење, лидерите на интерсиндикалната организација не смеат да останат само на барањето за повлекување на оваа реформа. Мораат да усвојат офанзивна програма, која ќе ги брани интересите на работниците и младината. Ова би придонело за развојот на движењето на обновливи штрајкови, а со тоа би се загарантирала нашата победа."

3) Сме кажале многупати: буржоазијата е преплашена од моќта на ова движење. Но сепак останува решена да ја наметне оваа реформа (а и многу други), затоа што конкурентноста на францускиот капитализам е загрозена, а со тоа е загрозена и нејзината најсвета работа - профитот.

Минатите денови се презедоа разни маневри, како од страната на владата, така и од страна на лидерите на синдикатите, се со цел да се угаси социјалниот вулкан. Макрон



Извор: La CGT, Twitter

даде предлог до лидерите на синдикатите да се сретнат и да разговараат за било што, освен за пензиската реформа. Од друга страна, лидерите побараа медијатор, помеѓу нив и владата, за да разговараат за реформата. На ова владата одговори дека нема потреба од медијатор за да разговараат за било што (освен пензиската реформа). Во исто време интерсиндикалата објави дека повторно „ќе му пише“ на Макрон. А во меѓувреме, премиерката Елизабет Борн им се обрати на лидерите и им понуди „разговор“. Лорен Бергер (водач на поконзервативната ЦФДТ синдикална конфедерација) рече дека ќе оди да разговара со премиерката, за она што таа не сака да го слушне.

Ова има за цел да ги демобилизира работниците и да го обнови таканаречениот "социјален дијалог", односно "преговорите" за контра-реформи од страна на лидерите на синдикатите. Младината и работниците не може да очекуваат ништо добро од овие дискусии помеѓу владата и синдикатите, кои нема да бараат ништо друго освен некаков компромис. Тие мора да се потпрат на сопствената сила и на грасрутс демократската организација на оваа борба.

4) Безизлезната стратегија на лидерите на синдикатите, многу години наназад, почна да наоѓа спектакуларна и многу значајна експресија на денот на отворањето на Националниот конгрес на синдикалната конфедерација ЦГТ. Извештајот за активностите (нацртот на синдикалните активности) на лидерството во заминување, беше отфрлен од страна на 50,3 проценти од делегатите. Ова е невидено назадување за генералниот секретар Филип Мартинез и целокупното раководство. Внатрешната поларизација во унијата официјално премина нов праг.

Конгресот ќе продолжи до петок. Со сигурност ќе има нови потреси по овој силен земјотрес. Револуција (француската секција на Интернационалната марксистичка тенденција - прим. прев.) повторно ја искажува својата поддршка за левото крило на ЦГТ и неговиот кандидат за генерален секретар, Оливие Матеу. Ќе се вратиме посилни на овој конгрес, кој означува пресвртница во еволуцијата на оваа конфедерација. Како заклучок да цитираме еден дел од декларацијата од 19 март од страна на ЦГТ Јунајт (левото крило на ГЦТ), која претставува силен контраст во споредба со умереноста на лидерите на синдикатите:

"Се наоѓаме пред пресвртница. Со пресилното стегање на јажето, тие (Макрон и неговата влада) го скинаа. Па затоа да кажеме отворено: сега, она што е влогот не е само отфрлањето на новиот пензиски праг од 64 години. Ова е за враќање на стариот праг од 60 години за пензија. Ова е за утврдување на минимална плата од 2000 евра. Ова е за ренационализација и експропријација на автопатите, индустриите и народната сопственост, кои беа искрадени. Ова е за укинување на одредбите за невработеност, ова е за ставање крај на субвенциите за бизнисите, ова е за одговор на нашите социјални потреби. Се работи за промена на еден режим. Овој општествен поредок трае предолго."


Извор: Unité CGT, Twitter

*Текстот е оргинално објавен на 30 март 2023. „Револусион“*




## ПРИКЛУЧИ СЕ!

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Доколку сакаш да учествуваш во градењето на силите на марксизмот и работничката класа и сакаш да придонесеш за борбата на сопствената класа и изградбата на нов похуман свет, свет на еднакви луѓе, свет без експлоатација и угнетување, приклучи се на „Црвени“!

**Можеш да ни се приклучиш на било кој од следниве начини:**

Да не контактираш на некој од следните броеви:

**075/520-508**
**075/629-809**

На мејлот на „Црвени“:
**mo.crveni.mk@gmail.com**

На фејсбук страната на Нова Искра или на „Црвени“:

**@novaiskra.page**
**@m.o.crveni**

На контакт формата на вебсајтот:
**http://novaiskra.mk/**

*Капитализмот се покажа како антихуманистички систем, во кој сите слободи се жртвуваат на слободниот пазар и кој не познава други општествени интереси освен интересите на шака сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот е јасно дека во капитализмот на огромното мнозинство луѓе им следува само мизерија и робување на „работодавците“ заради обично преживување. Нема причина било кој работен човек да се согласи на такво нешто. Поинакво општество е можно и неопходно!*

**ЗА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – ПРОТИВ КАПИТАЛИЗМОТ!**

novaiskra.page novaiskra.mk

НОВА ИСКРА